# 1. ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ПРВ ЦИКЛУС НА ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ СО 240 ЕКТС, СТУДИСКА ПРОГРАМА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ, СОГЛАСНО СО УРЕДБАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ

| Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации | | Високо образование | Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации |
|---|---|---|---|
| VI | VIA | Прв циклус на студии,<br>Универзитетски студии 240 кредити | 6 |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус на студии (240 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

## 7а. Општи дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, студиска програма Информатика, Факултет за информатика, согласно со Уредбата за Националната рамка на високообразовни квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | – Во континуитет со претходните степени на образование, студентот има стекнато теориски, концепциски и практични знаења и разбирање од полето на студирање;<br>– Ги познава актуелните научни прашања од областа на студирање и современите извори на знаење;<br>– Покажува знаење и разбирање од поширок теориски и методолошки спектар, како предуслов за истражувачка дејност. |
| Примена на знаењето и разбирањето | – Оспособен е за примена на знаењето и покажува професионален пристап во работата или професијата;<br>– Поседува способности за компетентно носење одлуки за прашања и работи од својата област, земајќи ги предвид техничките, научните и апликативните аспекти, како и за стручно извршување на практичните професионални барања;<br>– Има развиено способност за креирање решенија на проблеми од мултидисциплинарна природа. |
| Способност за проценка | – Може да ја согледа и образложи причинско-последичната условеност на појавите и процесите;<br>– Врз база на стекнатите знаења, умее да идентификува и анализира релевантни податоци, мисловно да ги обработува, да донесува одлуки и да предлага решенија;<br>– Во правењето проценка ги зема предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти и ги вградува во процесот на одлучување. |

| | |
|---|---|
| Комуникациски вештини | – Аргументирано пренесува информации, идеи, проблеми и решенија на стручната и пошироката јавност;<br>– Може независно и професионално да партиципира во стручни и специфични научни и интердисциплинарни дискусии;<br>– Умее да преземе индивидуална одговорност и е оспособен за тимска работа и интеракција. |
| Вештини на учење | – Ги идентификува потребите за самостојно понатамошно учење и личен професионален развој;<br>– Умее да селектира релевантни извори на знаење и да направи избор на ефикасни методи за стекнување нови знаења и стручно усовршување. |

## 7б. Специфични дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, студиска програма Информатика, Факултетот за информатика, согласно со Уредбата за Националната рамка на високообразовни квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | – Ги познава и разбира принципите, теориите и концептите од полето на информатиката, посебно од информатичките технологии, за кои поседува и практични знаења;<br>– Ги познава актуелните научни прашања од полето на информатиката и современата информатичка литература и платформи за пристап до истата;<br>– Има стекнато широки теориски и методолошки знаења, неопходни за истражување во полето на информатиката. |
| Примена на знаењето и разбирањето | – Професионално ги применува стекнатите знаења, методологии и техники при извршувањето на работните задачи што ги опфаќа поширокиот спектар на ИТ индустријата;<br>– Дизајнира информатички решенија на проблеми со интегрирање на сите поврзани барања и компетентно носи одлуки, земајќи ги предвид техничките, научните и апликативните аспекти;<br>– Согласно современите барања за дигитализација на сите сфери на општественото живеење, креира решенија за техничка имплементација на мултидисциплинарни процеси. |
| Способност за проценка | – Ги разбира комплексните фактори што го условуваат развивањето на специфични информатички решенија;<br>– Земајќи ги предвид сите поврзани аспекти, донесува одлуки за оптимални информатички решенија;<br>– Умее балансирано да ги комбинира личните, општествените, научните и етичките стандарди при извршувањето на професионалните информатички задачи. |

| | |
|---|---|
| Комуникациски вештини | – Демонстрира комуникациски вештини во аргументираното пренесување на информациите, како и вештини за визуелна, вербална, писмена и техничка презентација на информатичките решенија;<br>– Може да учествува во стручни и научни дискусии, како од полето на информациските и комуникациските технологии, така и пошироко, во рамки на интердисциплинарни дискусии;<br>– Професионално и со чувство за индивидуална одговорност учествува во тимска работа во рамки на изработувањето информатички проекти и соработува со останатите учесници во проектот. |
| Вештини на учење | – Ја разбира потребата од континуирано учење и професионален развој што се нагласени заради динамичниот и брз развој во информатичкиот сектор и самоиницијативно и самостојно ги надградува знаењата од областа на информациските и комуникациските технологии;<br>– Умее да селектира и самостојно да се служи со информатичка литература релевантна за потребите на личниот професионален развој и да партиципира во формални и неформални обуки за стручно усовршување. |